

# „ВИКИПЕДИЈА“ НЕМА РИВАЛ НА МАКЕДОНСКИОТ ИНТЕРНЕТ-ПРОСТОР

**Андријана Андова**
a.andova@dnevnik.com.mk
**Фото: Маја Златевска**

***Последниве неколку години на нашата „Википедија“ во просек месечно придонесуваат околу 200 активни уредувачи, а содржината се збогатува со стапка од десетина илјади нови статии годишно***

Првите срамежливи уредувања на интернет-енциклопедијата „Википедија“ на македонски јазик биле направени во септември во 2003 година, а денес приказната се развива со полн ек и може да се прочитаат повеќе од 67.000 статии. Иако еден од најголемите гревови што најчесто ѝ се препишува се непроверените статии, но постојат истражувања што говорат дека таа не заостанува во квалитетот зад другите водечки енциклопедии, како што е „Енциклопедија Британика“. Потребата да се споделат информации со другите луѓе е главната причина поради која досега имало околу 1.100 уредувачи (личности што објавуваат) на



„Википедија“ на македонски. Може и да се сметаат за рекордерски потфатите на неколкумина од нив, односно 10-ина што имаат направено повеќе од 10.000 уредувања и тројца што се со дури над 50.000. Но ако се тргнеме подалеку од податоците, од типов верувале или не, може да се каже дека последниве неколку години на нашата „Википедија“ во просек месечно придонесуваат околу 200 активни уредувачи, а содржината се збогатува со стапка од десетина илјади нови статии годишно.

## Со амин од главната фондација

„Википедија“ е онлајн-енциклопедија, која почнува да функционира на англиски јазик на 15 јануари 2001 година. Може да ја надополнува секој со пристап до интернет и спонзорирана е од фонда-

цијата „Викимедија“. Нашата верзија се буди во 2003 година, а потоа формирана е и „Викимедија Македонија“.

- Заедничката работа на уредувањето на статиите на „Википедија“ роди желба некои од активните уредувачи да се среќаваат во живо на таканаречените вики-средби. Првата вики-средба е одржана во 2006 година, а идејата за формирање на „Викимедија Македонија“ дојде токму од разговорите на тие вики-средби, на страниците на „Википедија“ и на имејлинг-листите во текот на 2009 година. Формиран е иницијативен одбор, направени се неопходните подготовки, поднесено е барање за признавање до фондацијата „Викимедија“. Во почетокот на септември 2009 година со одлука на Управниот одбор на доверители на фондацијата, а по препорака на комитетот за формирање локални разграноци, „Викимедија Македонија“ е призната како разгранок на фондацијата за територијата на Македонија. По признавањето, постоеше мала пауза, но во последните години организацијата се буди и започнува со препознатливи активности – ја објаснува историјата Димче Грозданоски, претседател на „Викимедија Македонија“.

Тој посочува дека нивна визија и мисија е да го соберат севкупното човечко знаење на едно место и да го направат достапно и слободно за сите.

- Корисниците на „Википедија“ тоа знаат да го ценат и во рамките на своите можности нè поддржуваат во намерата да ја оствариме нашата мисија. Фондацијата „Викимедија“ секоја година прибира средства од доброволни донации во светот. „Викимедија Македонија“ е ентитет што може да користи средства од фондацијата за остварување на своите програмски активности. Но „Викимедија Македонија“ располага и со сопствена банкарска сметка, на која секој заинтересиран може да ги поддржи нашите активности и директно да донира средства – додава тој.

### Постојано се менува и се подобрува

За да се пишува, најважно е да се има желба да се сподели знаењето. Тоа може да го прави секој со пристап до интернет и потоа многу е едноставно да се направи статија или да се вршат поправки на веќе постојната.

- Но треба да се имаат предвид основните принципи врз кои почива „Википедија“. Тоа се: енциклопедиски стил на пишување, застапување на неутрална гледна точка, пренесување слободни содржини во смисла на авторските права, културна комуникација со другите уредувачи и најважното правило од сите, да се биде храбар и истраен во акциите што се преземаат. Со постојана активност на „Википедија“ се стекнуваат вештини и знаења што еден почетник може да го направат почитуван и вреден член на вики-заедницата, чии статии со задоволство се читаат и од кого новите уредувачи бараат совети. За оние што чувствуваат потреба од обука, слободно може да им се обратат на активните „википедијци“ за помош. За заинтересирани групи, доброволци од „Викимедија Македонија“ се подготвени да одржат и обуки за основните техники на уредување, но и за понапредно уредување и користење на „Википедија“ – додава Димче.

Иако повремено се случува енциклопедијата да е ставена на тапет поради неточните информации, Грозданоски се надоврзува на констатацијата:

- „Википедија“ постојано се менува и подобрува и тоа е нејзина најголема предност. Во оној момент кога ќе се забележат неточни информации, постои можност веднаш да се исправат. Не мора да се чека на следното издание за грешките да се надминат. Исправките може да ги исправи секој што ги има забележано или да побара некој поискусен и со повеќе знаење да ги поправи. Во крајна инстанца неточните информации бргу се бришат.

Тој смета дека значењето на „Википедија“ на македонски јазик од ден на ден ќе се зголемува и додава дека како онлајн-енциклопедија таа засега нема ривал со кој може да се натпреварува во домашниот интернет-простор. ■

## МЕЃУ 10-ТЕ НАЈПОСЕТУВАНИ СТРАНИЦИ ВО ЗЕМЈАВА

„Википедија“ е една од најпопуларните веб-страници во светот и веќе подолг период е меѓу првите десет најпосетувани. Димче Гроздановски вели дека нешто слична е ситуацијата и во Македонија.

- Не сме правеле детаљна анализа на посетеноста на „Википедија“ на македонски јазик, но како пример ќе ви ги дадам бројките од 1 јануари 2013 година. Тоа е ден кога повеќето одмораат по бурниот дочек на новата година, но според бројките, „Википедија“ на македонски јазик тој ден е најпосетена, околу 170.000 пати, од кои околу 20.000 пати од мобилни уреди. Секако, треба да се спомнат и посетите на другите проекти на „Викимедија“ на македонски јазик, „Вики-книги“ со 1.200 посети, „Вики-речник“ со 2.000 посети и „Вики-извор“ со 1.600 посети. Популарноста на „Википедија“ е навистина голема ако се додаде интересот и за другите јазични изданија – појаснува тој.



## „ВИКИПЕДИЈА“ ВО ФАКУЛТЕТИТЕ И УЧИЛИШТАТА

Освен „Вики-книги“, „Вики-извор“ и „Вики-речник“, „Викимедија Македонија“ има низа актуелни проекти како „Вики-патување“, „Заедничка ризница“, „Вики-вести“, „Вики-видови“, „Вики-цитати“, „Вики-универзитет“, „Вики-податок“ и проектот за развој на софтверот „Медиа Вики“ за управување со содржините на сите овие проекти. Карактеристична активност со која се промовира работата на „Викимедија Македонија“ е „Википедија на вашиот факултет“.

- Пред студентите заинтересирани за соработка држиме презентации каде што ги претставуваме проектите на „Викимедија“, држиме предавања за „Википедија“ и за „Вики-движењето“, како и практични работилници каде што студентите чекор по чекор учат како да започнат со уредување на „Википедија“. Подоцна ги организираме во таканаречени вики-проекти околу кои се фокусираат на одредена тема, најчесто во областа на нивното подрачје на студирање. Од почетокот на 2013 година ќе се потрудиме да ја прошириме нашата активност и кон средните училишта. Овие активности ќе бидат спроведувани во рамките на нашиот проект „Википедија во вашето училиште“. Еве, ја користам оваа можност да ги поканам сите училишта, професори и ученици што се заинтересирани за користење на „Википедија“ слободно да се јават кај нас, подготвени сме да им помогнеме да ги направат своите први чекори. Ние како организација сме отворени за соработка, сите доброволци со свои идеи и иницијативи се добредојдени кај нас – додава Грозданоски.